14116

pres-kliping · press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
9. XII 1970

### „ЛЕ ЛЕТР ФРАНСЕЗ“ ЗА ОТВОРАЊЕТО НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# ПОФАЛБА ЗА ЗГРАДАТА НА КАЛЕ

**● Француското списание пишува и за проектот на споменикот во Крушево на скулпторот Јордан Грабуловски**

Во последниот број на реномираното француско неделно списание за култура, **„Ле летр франсез“**, чиј директор е **Луј Арагон**, цели две страници се посветени на написот за отворањето на новата зграда на **Музејот на современата уметност во Скопје** и за **проектот на Споменикот во Крушево**, чиј автор е еминентниот македонски скулптор, **Јордан Грабулоски-Грабул.**

Автор на написот е познатиот париски ликовен критичар и есеист, Раул-Жан Мулен.

**Во написот Раул-Жан Мулен пишува за врвниот квалитет на меѓународната колекција на Музејот на современата уметност, конституирана врз основа на меѓународната солидарност на ликовните уметници од целиот свет.**

Раул-Жан Мулен во написот мошне пофално зборува и за проектот на Споменикот во Крушево, чиј автор е македонскиот скулптор Грабулоски-Грабул. **„По своето пластично и политичко обликување, произлезено од историјата и културата на македонскиот народ; со концизноста и цврстината на зафатот, споменикот на Јордан Грабул ќе придонесе за целосната афирмација на современата југословенска уметност.“** — е истакнато на крајот на написот.

Написот е илустриран со пет репродукции од колекцијата на Музејот на современата уметност во Скопје, со фотографија од свеченото отворање, со скицата за Музејот од полските архитекти и со фотографија од макетата на Јордан Грабулоски-Грабул.

Т. Ш.